# Борис Трајанов Баритон

Македонскиот баритон **Борис Трајанов** (роден во Љубљана, Словенија 1959 година) дебитира на оперската сцена на Македонскиот Народен Театар во Скопје на 16 февруари 1986 година. Во својата 32 годишна кариера, како носител на исклучиво главни баритонски улоги, има настапено во **714 претстави** (до 12.05.2018 г.), на повеќе од **70 оперски сцени ширум светот** од кои **576** претстави во **Западна Европа, С.А.Д., Бразил, Јужна Африка, Јужна Кореја и Русија, 74** на просторите на **некогашна Југославија** (без Република Македонија) и **63** оперски претстави во **Македонија** со Македонската опера. Земјите во кои има најповеќе настапувано се **Германија** (**337** претстави на **26** оперски сцени), **Италија** (**91** претстави на **30**-тина оперски сцени) и **Австрија** (**70** претстави). Паралелно со кариерата на оперските сцени од септември 2008 тој е професор по соло пеење на Музичката академија при Универзитетот Гоце Делчев во Штип. Добитник е на повеќе награди и признанија меѓу кои **„Уметник за мир на УНЕСКО“** (Париз, 24.02.2005), **Државната награда за животно дело „11 Октомври“** (Скопје, 11.10.2012) и **Национален уметник на Република Македонија** (Скопје, 08.09.2014)

*Борис Трајанов е Скарпија пред кој треба да се падне на колена.*
*Веќе неговиот драматуршки ефектен прв настап е до таа мера дијаболичен,*
*што на публиката ѝ го одзема здивот. Замислен и остварен е со една суптилна,*
*перфидна злоба, со една постојана цинична насмевка, но и со потребната бруталност*
*и обдарен со својот идеален јадровит баритон, нè остава стаписани. Во поглед на*
*гласот, како и според интерпретацијата, тој е едноставно среќен случај за претставата.*
***Л'Опера** (Февруари 2002)*

## Содржина


- 1 Кратка биографија
- 2 Листа на оперски куќи во кои настапил во главни баритонски улоги
- 3 Листа на 40-тина остварени улоги
- 4 Диригенти и оперски солисти со кои соработувал
- 5 Телевизиски, радио преноси и дискографија
- 6 Награди и признанија
- 7 Дел од реализираните оперски продукции
- 8 Поважни концерти


## Кратка биографија

Македонскиот баритон Борис Трајанов својата богата уметничка кариера ја започна во средината на 80-тите години на минатиот век на оперските сцени од поранешна Југославија, која на почетокот на 90 години, со голем успех, ја продолжи на меѓународната сцена.
Од клучно значење за неговиот формирање како оперски пејач се работата во Скопје со неговиот татко, тенорот **Гога Трајанов**, и големите оперски уметници **Бисерка Цвејиќ** (кај која магистрирал на Факултетот за музичка уметност во Белград) и **Пјер Миранда Фераро** во Милано.
Покрај музика, **дипломирал и математика** на Универзитетот во Нови Сад.
**Солист на скопската опера** е од септември 1985 г. па се до септември 1988 г. Дебитира на 16.02.1986 со Хомонај во штраусовата опера „Циганскиот Барон“ на сцената на Македонскиот народен театар во Скопје.

***Во Македонија има над 150 настапи од кои во Македонската Опера 83 настапи (63 оперски претстави и 20 Гала концерти) и 14 настапи со Македонска Филхармонија.***

По настапот на МОВ на 09.05.1986 како Енрико во „Лучија ди Ламермур“ неговата кариера во поранешна Југославија се развива со молскавична брзина. Се редат настапите на оперските сцени во **Загреб, Нови Сад, Сплит, Сараево, Риека, Љубљана, Марибор, Бургас**... Од септември 1988 до септември 1991 година е **првенец на белградската опера**, кога ја започнува оперската кариера во Германија. Музичките критичари во тогашната Југославија нагласуваат дека се работи извонреден уметник пред кој стои интернационална кариера. За неговото деби на сцената на Хрватско Народно Казалиште во Загреб со Жермон во "Травијата" Марија Барбиери пишува:

*"Да се слуша таква убавина на глас каква што ја има баритонот Борис Трајанов е вистинско уживање! Неговиот типично вердиевски глас, со раскошни висини, благородна фраза, мек и уедначен, богат и звучен, добро школуван и добро воден покрај отмениот сценски изглед ... се предуслов за голема кариера."*
***(Марија Барбиери, Вјесник Загреб, Хрватска 12.04.1988)***
***На просторите на поранешна Југославија (без Македонија) има остварено над 117 настапи од кои 74 оперски претстави и најмалку 46 концерти.***

Неговата **меѓународна кариера** започнува во септември 1991 година, во Германија, како **прв баритон во Државниот Театар Карлсруе** (Badische Staatstheater Karlsruhe). Следуваат успешни настапи во многу други германски оперски куќи. Од 1995 година Трајанов проширува својата уметничка дејност надвор од Германија, со настапи во оперски куќи во Западна Европа и другите континенти. Во септември 1996 година, поради големиот број на продукции вон Државниот театар Карлсруе, тој станува слободен уметник.

***Следуваат значајни настапи ширум светот, покрај Германија (337 оперски претстави на 26 оперски сцени), особено во Италија (91 претстави на 23 оперски сцени) и Австрија (70 претстави) на кои соработува со некои од најголемите диригентски и пејачки имиња од светот на музиката.***

За време на богатата кариера, толкувајќи разновиден репертоар од над **40-тина** водечки баритонски улоги, остварил околу **900 настапи** (**714** оперски претстави и учество во над **200** концерти), во бројни оперски куќи и фестивали во **Германија** меѓу кои Deutsche Oper **Berlin**, Staatsoper **Hamburg**, Oper **Frankfurt**, Nationaltheater **Mannheim**, Badisches Staatstheater **Karlsruhe**, Oper des Bundesstadt **Bonn**, Oper **Köln**, Deutsche Oper am Rhein **Düsseldorf**; во **Италија** меѓу кои Teatro dell'Opera **Roma** (во театарот, гостување на римската опера во Кремљ, **Москва** и на отворено во **Terme di Caracalla** Rim), Teatro Comunale **Bologna**, Teatro Fenice **Venezia**, Teatro Comunale **Firenze**, Teatro Massimo **Palermo**, Teatro Regio **Parma**, Teatro „Luciano Pavarotti“ **Modena**; во **Австрија** во Volksoper **Wien**, Oper **Graz**, Stadttheater **Klagenfurt**, Festspielhaus **Bregenz**, Opernfestspiele **St. Margarethen** i Opern Air **Gars**), Франција(Opéra de **Marseille**, UNESCO Grand salle **Paris**), Монако (Opéra **Monte Carlo**), Норвешка (Nørske Opera **Oslo**), Велика Британија (Scottish Opera **Glasgow** /Glasgow, Edinburgh и Bradford/ и The Gibraltar Philharmonic Society, John Mack Hall **Gibraltar**), САД (**Opera Pacific**, Lincoln Center **New York**), Јужна Африка (Opera **Cape Town**), Израел (Israeli Opera **Tel Aviv**), Бразил (Teatro Municipal **São Paolo**), Јужна Кореја (**Seoul** Performing Art Center), Швајцарија (Theater **St. Gallen**, Theater **Basel**), Холандија (Opera Zuid Maastricht, Holland Opera Amersfoort, Open Air **Rotterdam**), Унгарија (Musikfestival „Bartok +“) Бугарија, Србија, Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина и Македонија. Меѓу другото, го сметаат за еден од ***најдобрите толкувачи на улогата Скарпија*** во Пучиниевата Тоска. За неговиот настап во Тоска, во водечкиот италијански оперски магазин **L'Opera** (февруари 2002) пишуваше:

*"Борис Трајанов е Скарпија пред кој треба да се падне на колена. Веќе неговиот драматуршки ефектен прв настап е до таа мера дијаболичен, што на публиката ѝ го одзема здивот. Замислен и остварен е со една суптилна, перфидна злоба, со една постојана цинична насмевка, но и со потребната бруталност и обдарен со својот идеален јадровит баритон, нé остава стаписани. Во поглед на гласот, како и според интерпретацијата, тој е едноставно среќен случај за претставата."*
***(L'Opera, февруари 2002)***

***Во Западна Европа, Русија, САД, Израел, Бразил, Јужна Кореја и Јужна Африка , без посредување на државни институции, тој има остварено над 600 настапи (576 оперски претстави и над 35 концерти).***

**Има освоено награди на меѓународни натпревари за млади оперски пејачи:**
**-Апсолутен победник и специјална награда** на **Сојузниот натпревар за студенти по музика на СФРЈ** помеѓу **508 натпреварувачи** (Скопје, 21.04.1985)
**-Трета награда на интернационалниот конкурс за оперски пејачи „Francesco Paolo Neglia„ во Италија, јули 1986.**
**-Втора награда (Награда на градот Антверпен) и најдобро пласиран машки глас на интернационалниот натпревар на Белгиската телевизија BRT „Opera et Belcanto“ (Антверпен, Белгија јули 1990).**

Во февруари 2005 година, во Големата сала на УНЕСКО во Париз, генералниот директор на УНЕСКО Коичиро Мацура го прогласи Борис Трајанов за **амбасадор на УНЕСКО** со титула **"Уметник за мир"** поради *“неговата извонредна кариера како реномиран оперски пејач и за неговото залагање за промоција на хуманите вредности...”.* Настапуваше на многу УНЕСКО-ви концерти меѓу кои на гала концертот по повод на **60 годишнината на УНЕСКО** во **Париз** (16.11.2005), "Rossini, but not only ..." во големата сала на УНЕСКО во **Париз** (26.11.2007) и во Lincoln Center (Avery Fisher Hall) во **Њујорк** (03.12.2007) и на "Концертот за мир" во Teatro La Fenice во **Венеција** (20.04.2009). Борис Трајанов лично се ангажира за зајакнување на културниот живот, високото образование и за заштита на животната средина во Македонија.

***Во септември 2008 година ја формира катедрата за соло пеење на Музичката академијапри Државниот универзитет УГД "Гоце Делчев" во Штип. Од 2013 година тој е редовен професор.***

На 27.03.2014 добива **Признание од Универзитетскиот сенат на УГД Штип** за неговиот особен придонес во развојот на образованието, науката и афирмацијата на Универзитетот. Неговите студенти редовно настапуваат на годишните концерти **“Коста Трпков“** на млади оперски надежи со оркестарот на МОБ. Тие се добитници на **награди на меѓународните натпревари** „Лаза Лазаревиќ“ во **Белград**, „Романсијада“ во **Софија** и во **Москва**. Неговите магистранти непосредно пред и по **магистрирањето во декември 2017 г., ја отпочнуваат интернационалната кариера во Италија со настапите во главните улоги во Teatro di San Carlo Napoli (септември 2017), Ente Concerti Marialisa de Carolis Sassari (октомври 2017), Teatro Verdi Trieste (ноември 2017 и јануари 2018)... Од 27.07.2016 до 06.08.2016 предава на Меѓународниот Мастер клас по соло пеење во Јерусалим, Израел (International Masterclasses and Zamboki Awards of Vocal Arts, Jerusalem). Таму, неговиот студент Лука Петешев со успех ја толкуваше насловната улога во праизведбата на операта Phiramus and Thisbe.**

***Неговата дејност не е ограничена само на уметничката сфера. Поради големите шумски пожари во Република Македонија во 2007 година, тој, како идеен творец, заедно со бројни јавни личности ја формира еколошката граѓанска иницијатива „Ден на Дрвото- засадија својата иднина!“.***

За достигнувањата на полето на екологијата, ја доби **"Наградата за заштита на блескавиот свет"** од Меѓународна асоцијација "Чинг Хаи" и титулата **"Green Ambassador"** на Фондација "Melody for peace among civilisations".
На 11 октомври 2012 година, Собранието на Република Македонија му ја додели **највисоката национална награда за животно дело "11 Октомври"**.
На 8 септември 2014 г. е прогласен за **Национален уметник на Република Македонија**.

# Листа на оперски куќи во кои настапил во главни баритонски улоги

Тој има настапено на **повеќе од 70 оперски сцени во светот во 714 оперски претстави:**

• во **Западна Европа, С.А.Д., Бразил, Јужна Африка, Јужна Кореја и Русија** на **576** претстави
• во **Македонската опера** на **63** оперски претстави меѓу кои на **Мајски Оперски Вечери** во 1983, 1986, 1987, 1994, 1995, 2011, 2012, 2014, 2015, 2017, 2018 г.
• на просторите на **некогашна Југославија** (без Република Македонија) на **74** претстави

Од неговиот деби на сцената на македонската опера во февруари 1986 г. до септември 1991 г. неговата кариера се движи во границите на некогашна Југославија.
Од септември 1991 година неговата уметничка дејност се одвива во Западна Европа, САД, Бразил, Јужна Африка, Јужна Кореја и Русија каде што има отпеано 576 претстави во следните театри:

| | |
|---|---|
| **Германија** | **337** оперски претстави на **26 оперски сцени**: |
| | Deutsche Oper **Berlin** |
| | Oper des Bundesstadt **Bonn** |
| | Deutsche Oper am Rhein **Düsseldorf** |
| | Oper **Frankfurt** |
| | Staatsoper **Hamburg** |
| | Badisches Staatstheater **Karlsruhe** |
| | Oper **Köln** |
| | Nationaltheater **Mannheim** |
| | Theater **Aachen**, Bremer Theater **Bremen**, Stadttheater **Bremerhaven**, Staatstheater **Darmstadt**, Aalto Musiktheater **Essen**, Eutiner Sommerspiele **Eutin**, Opernfestspiele **Heidenheim**, Opernhaus **Halle**, Bühnen der Landeshauptstadt **Kiel**, Theater der Stadt **Koblenz**, Ludwigsburger Festspiele **Ludwigsburg**, Stadttheater **Nürnberg**, Saarländisches Staatstheater **Saarbrücken**, Mecklenburgisches Staatstheater **Schwerin**, Stadttheater **Solingen**, Staatstheater **Stuttgart**, Theater **Trier**, Hessische Staatstheater **Wiesbaden**. |
| **Италија** | **91** оперска претстава на **23 оперски сцени**: |
| | Teatro dell'Opera **Roma** |
| | *(во самата оперската куќа, гостување на операта во Москва, на отворено во Terme di Caracalla Рим)* |
| | Teatro Comunale **Bologna** |
| | Teatro Comunale **Firenze** (Maggio Musicale Fiorentino) |
| | Teatro Massimo **Palermo** |
| | Teatro Regio **Parma** |
| | Teatro La Fenice **Venezia** |
| | Teatro Petruzzelli **Bari**, Teatro Donizetti **Bergamo**, Teatro Comunale di **Ferrara**, Teatro Giglio **Lucca** (*Lucca, Teatro Donizetti **Bergamo**, Teatro Verdi **Pisa**, Teatro Dante Alighieri **Ravenna**, Teatro Coccia **Novara**, Teatro La Gran Guardia **Livorno***), Teatro "Vittorio Emanuele" **Messina**, Rosetum **Milano**, Teatro Comunale "Luciano Pavarotti" **Modena** (*Modena, Teatro Municipale **Piacenza**, Teatro Comunale di **Ferrara***), Teatro Municipale "Giuseppe Verdi" **Salerno**, Teatro Verdi **Sassari**, Teatro Lirico "Giuseppe Verdi" **Trieste**. |
| **Австрија** | **70** оперски претстави во **4 оперски куќи и 2 фестивали**: |
| | Volksoper **Wien** |

| | |
|---|---|
| | Oper **Graz** |
| | Stadttheater **Klagenfurt** |
| | Fespielhaus **Bregenz** |
| | Opern Air **Gars** |
| | Opernfestspiele **St. Margarethen** |
| **Бразил** | Teatro Municipal **São Paolo** |
| **В. Британија** | Scottish Opera Glasgow (***Glasgow, Edinburgh и Bradford***) |
| | The Gibraltar Philharmonic Society, John Mack Hall **Gibraltar** |
| **Франција** | Opéra de **Marseille** |
| | The Great Hall of **UNESCO Paris** |
| **Израел** | Israeli Opera **Tel Aviv** |
| **Јужна Африка** | Opera **Cape Town** |
| **Јужна Кореја** | **Seoul** Performing Art Center |
| **Монако** | Opéra **Monte Carlo** |
| **Норвешка** | Nørske Opera **Oslo** |
| **САД** | Avery Fisher Hall, Lincoln Center **New York** |
| | Opera Pacific **Orange County, California** |
| **Унгарија** | International Opera Festival **"Bartok +"** |
| **Холандија** | Open Air in **Rotterdam** |
| | Opera Zuid **Maastricht** (*Tour in 10 Cities: Maastricht, Venlo, Amersfoort, Rotterdam, Sittard, Den Bosch, Breda, Tilburg, Heerlen, Eindhoven*) |
| **Швајцарија** | Theater **Basel** |
| | Theater **St. Gallen** |

# Листа на 40-тина остварени улоги

Тој има остварено 40-тина главни баритонски улоги.

| **Композитор** | **Оперско дело** | **Улога** | **Број на претстави** |
|---|---|---|---|
| Daniel Auber | Le Muette de Portici | Pietro | 14 |
| Ludwig van Beethoven | Fidelio | Pizarro | 11 |
| Georges Bizet | Carmen | Escamillo | 50 |
| Ernest Chausson | Le Roi Artus | Merlin | 12 |
| Gaetano Donizetti | L'Elisir d'amore | Belcore | 03 |
| | Linda di Chamounix | Antonio *(концертно)* | 01 |
| | Lucia di Lammermoor | Enrico Ashton | 45 |
| | Maria Stuarda | Lord Cecil | 17 |
| Umberto Giordano | Andrea Chénier | Gérard | 14 |
| | Fedora | De Siriex | 02 |
| Ruggiero Leoncavallo | I Pagliacci | Silvio | 02 |
| Pietro Mascagni | Cavalleria Rusticana | Alfio | 11 |
| Wolgang Amadeus Mozart | Cosi fan tutte | Guglielmo | 09 |
| | Don Giovanni | Don Giovanni | 14 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Jacques Offenbach | Les Contes d'Hoffmann | L.,D.,C.,M. *(верзија 1907)* | 03 |
| Сергеј Прокофјев | Војна и мир | Наполеон | 05 |
| Giacomo Puccini | La Fanciulla del West | Jack Rance | 03 |
| | Madama Butterfly | Sharpless | 16 |
| | Tosca | Scarpia | 95 |
| Gioachino Rossini | L'Italiana in Algeri | Taddeo *(концертно)* | 02 |
| Antonio Smareglia | Nozze Istriane | Nicola | 03 |
| Johann Strauß | Der Zigeunerbaron | Homonay | 19 |
| Richard Strauß | Die Frau ohne Schatten | Der Geisterbote | 03 |
| | Die Schweigsame Frau | Morbio | 03 |
| Петар Илич Чајковски | Евгениј Онегин | Евгениј Онегин | 01 |
| | Пикова Дама | Принц Јелетцки | 17 |
| Giuseppe Verdi | Aida | Amonasro | 22 |
| | Attila | Ezio | 08 |
| | Un Ballo in maschera | Renato | 10 |
| | Don Carlo | Rodrigo di Posa | 28 |
| | La Forza del destino | Don Carlo di Vargas | 14 |
| | Macbeth | Macbeth | 17 |
| | Nabucco | Nabucco | 48 |
| | Otello | Jago | 35 |
| | Rigoletto | Rigoletto | 39 |
| | Simon Boccanegra | Simon Boccanegra | 02 |
| | La Traviata | Georges Gérmont | 45 |
| | Il Trovatore | Conte Luna | 30 |
| | I Vespri Siciliani | Monforte | 06 |
| Alberico Vitalini | Davide Re | Saul *(концертно)* | 01 |
| Richard Wagner | Das Rheingold | Donner | 08 |
| Carl Maria Weber | Der Freischütz | Ottokar *(концертно)* | 01 |
| Ivan Zajc | Nikola Šubic Zrinski | Nikola Šubic Zrinski | 10 |

**Scarpia / Tosca (95 претстави):**

Teatro dell'Opera **Roma,** Италија (2002, гостување на Teatro dell'Opera **Roma во Кремљ Москва, Русија**), Deutsche Oper **Berlin** (2009), Teatro Massimo **Palermo**-Италија со **Maurizio Arena** (2001) и **Pinchas Steinberg** (2007), Teatro Vittorio Emanuele **Messina**-Италија (2006), Teatro Regio **Parma** - Италија (2002) со **Raina Kabaivanska** (нејзино простување од улогата), Teatro Giglio Lucca Италија, Турнеја во оперските куќи низ Италија **(Lucca, Pisa, Livorno, Novara, Ravenna, Bergamo**) (2002), Oper **Frankfurt** (2004), John Mackintosh Hall **Gibraltar** (2003), Oper **Graz**-Аустрија (2005), **Seoul** Performing Arts Center-Јужна Кореја (2006), Opéra **Monte Carlo** (2006), Teatro "Luciano Pavarotti" **Modena** (исто така и во Teatro Comunale **Ferrara**, Teatro Municipale **Piacenza**) (2008) и други.

**Jago / Otello (35 претстави):**

Staatsoper **Hamburg**- Германија со Lando **Bartolini**, Staatstheater **Schwerin** со **Helen Donath**, Opera **Graz**- Аустрија и други.

**Escamillo / Carmen (50 претстави):**

Teatro dell'Opera **Roma (Terme di Caracalla)** - Италија со Michel Plasson, **Volksoper Wien**- Аустрија, Teatro Comunale **Salerno**-Италија со **Yoram David**, Opernair **Gars**-Аустрија, Staatsoper **Hamburg**, Teatro Municipal **São Paolo**-Бразил и други.

**Rigoletto / Rigoletto (39 претстави):**

Opera **Cape Town**-Јужна Африка, OpenAir **Rotterdam** во Холандија, Scottish Opera **Glasgow** (исто така **Edinburgh, Bradford**), Deutsche Oper am Rhein **Düsseldorf, Theater Basel**...

**Nabucco / Nabucco (48 претстави):**

OpenAir **Schwerin**- Германија, OpenAir **Heidenheim**- Германија, Stadttheater **Bremerhaven**- Германија, Theater **Kiel**- Германија, Theater **St. Gallen** и други.

**Gérard / Andrea Chénier (14 претстави):**

Teatro Comunale **Bologna** - Италија со **Renato Palumbo** и **Daniela Dessì** (исто така и во Teatro Comunale **Ferrara**), Teatro Verdi **Trieste**-Италија, Teatro Verdi **Sassari**- Италија

**Gérmont/ La Traviata (45 претстави):**

Badisches Staatstheater **Karlsruhe**, Hessische Staatstheater **Wiesbaden**, Hrvatsko Narodno Kaazalište **Zagrebv и други.**

**Lucia di Lammermoor / Enrico (45 претстави):**

Staatstheter **Karlsruhe**, Nationaltheater **Mannheim**, Festspiel **Bregenz** (2010) и други.

**Conte Luna / Il Trovatore (30 претстави):**

Opera **Pacific - USA**, Staatstheater **Karlsruhe**- Германија, Theater **Luxemburg**, Oper **Nürnberg** и други.

**Pizarro / Fidelio (11 претстави):**

Teatro dell'Opera **Roma**- Италија, Opera **Tel Aviv** – Израел, Oper **Graz**

**Donner / Das Rheingold (8 претстави):**

Staatstheater **Karlsruhe** (1995), Teatro Petruzelli **Bari**- Италија (2008)

**De Sireux / Fedora:**

Teatro Donizetti **Bergamo** - Италија со **Nicola Martinucci** and **Fabrizio Carminati**

**Jack Rance / La Fanciulla del West:**

Teatro Vittorio Emanuele **Messina**- Италија (2007) со **Maurizio Arena**

**Lindorf, Copelius, Dapertutto, Miracle / Les Contes d`Hoffmann:**

Teatro Verdi **Trieste** со **Daniel Oren**

# Диригенти и оперски солисти со кои соработувал

Настапувал со голем број на **диригенти и оперски солисти** како:
• **диригентите** Марчело Виоти, Маурицио Арена, Даниел Орен, Волфганг Савалиш, Никола Луизоти, Ренато Палумбо, Пјер Џорџо Моранди, Тицијано Северини, Јуџин Кон, Мишел Пласон и др.
• **оперските солисти** Катја Ричарели, Рајна Кабаиванска, Даниела Деси, Бруна Баљони, Луис Лима, Винченцо ла Скола, Петер Зајферт, Никола Мартинучи, Кристијан Јохансон, Ландо Бартолини, Алберто Купидо, и др.

# Телевизиски, радио преноси и дискографија

Настапува во претстави кои се пренесувани на **повеќе телевизиски и радио канали** Претставите на Тоска се пренесувани на приватната корејска телевизија **“Ариранг” и** Корејската Национална Телевизија, потоа Пикова дама на британската **BBC3**, Кармен со Хамбуршките Филхармоничари на **NDR (Норд Дојче Рундфунк)**, Кармен со Театро Муниципал, Сао Паоло на **бразилската телевизија Култура+**, Волшебниот Стрелец во Театро Комунале Фиренца на италијанското радио **RAI3**, телевизиски пренос на Кармен од Ојтинер Фестспиеле и радио пренос од Атила во Бремен на германската **NRD**, Атила Фестшпиле Лудвигсбург **SVR** (Суд вест рундфунк), Кармен Загреб на **HRT1**, продукцијата Тоска на Театро "Лучијано Павароти" од Модена по повод **150 години од раѓањето на Пучини** на два италијански телевизиски канали и многу други. Во текот на неговата кариера во некогашна Југославија (до септември 1991) неговите настапи беа многу често пренесувани на како на **JPT** (Југословенска радио телевизија) така и на другите телевизиски канали. За паметење е директниот пренос од Гала концертот во белградска опера во чест шефовите на државите и делегациите кои учествуваа на **Самитот на неврзаните во Белград** (08.09.1989) Покрај снименото **двојно CD** со Катлин Касело, со оперни арии и дуети, чии нумери и до денес се слушаат на германските радио станици, во 2003 **на DVD е запишана неговата креација на Скарпија** од прошталната претстава на Тоска на Рајна Кабајванска во Театро Реџо Парма во Италија.

# Награди и признанија

**Награди на национални и меѓународни натпревари за млади оперски пејачи:**

| | |
|---|---|
| **1985** | **Прва награда на републичкиот натпревар за студенти по музика** на Република Македонија (21.03.1985) |
| | **Апсолутен победник и специјална награда** помеѓу 508 натпреварувачи на **Сојузниот натпревар за студенти по музика на некогашна Југославија** во Скопје (21.04.1985) |
| **1986** | **Трета награда на интернационалниот конкурс** за оперски пејачи "Francesco Paolo Neglia" во Италија (12.07.1986) |
| **1990** | **Втора награда (Награда на градот Антверпен)** и најдобро пласиран машки глас на меѓународниот натпревар за млади оперски пејачи на белгиската телевизија **BRT "Opera et Belcanto"** во Антверпен, Белгија (јули 1990) |
| **Признанија** | |
| **2002** | „Амбасадор на Македонската Култура“ **Златна Бубамара** |
| **2005** | **Уметник за мир на УНЕСКО** Париз, Франција (24.02.2005) |
| | **Оперски оскар** од австрискиот дневен весник Kleine Zeitung за сезоната 2004/2005 година за настап во улогата Скарпија во Тоска во **Опера Грац, Австрија** |
| | **Награда за Европско делување** од Европското Движење на Р.М. |
| | **Амбасадор на Стопанската Комора** на Република Македонија |

| | |
|---|---|
| **2007** | LILT **„Lega Italiana per la lotta contro I tumori“** за учество на хуманитарен концерт во Месина, Италија (18.05.2007) |
| | **„Духовен Воин“** од меѓународната манифестација **Македонски духовни конаци** |
| | **Статуетка на Мајка Тереза** од Граѓанската асоцијација „Скопјанката Мајка Тереза” |
| **2008** | **Shining World Protection Award** од меѓународната асоцијација Ching Hai |
| | **Награда за животно дело „Крсте П. Мисирков“** (05.09.2008) |
| | **Медал од I ред** од одличјето **Македонски Крст 2008** на Македонската Православна Црква |
| | **Награда за животно дело** на советот на општината **Прилеп** (03.11.2008) |
| | **Заслужен граѓанин на Општина Карпош** (15.11.2008) |
| | **Награда за филантропија** од **ЦИР**- Центар за институционален развој |
| | **Jonnie Walker MAN of the year 2008** (Скопје, 2008 г.) |
| **2009** | **Green Ambassador** од меѓународната асоцијација *“Melody for peace among civilizations “* (Женева, Швајцарија 02.10.2009) |
| **2012** | **Државна награда за животно дело„11 Октомври“** (11.10.2012) |
| **2014** | **Признание од Универзитетскиот сенат на УГД Штип** за неговиот особен придонес во развојот на образованието, науката и афирмацијата на УГД (27.03.2014) |
| | **Национален уметник на Република Македонија** (08.09.2014) |

# Дел од реализираните оперски продукции

• Скарпија, Тоска /**Македонска опера и балет/ Скопје**, Македонија, мај 2018
• Шарплес, Мадама Батерфлај /**Македонска опера и балет/ Скопје**, Македонија, април 2018
• Гала Оперски концерт **Vive la France!** Со В. Гинова, З. Сотиров, Е. Сиљановска **Битола,** 12.12.2017
• Алфио, Кавалерија Рустикана /**Македонска опера и балет/ Скопје,** Македонија Октомври 2017
• Жермон, Травијата /**Македонска опера и балет/ МОВ Скопје,** Македонија, мај 2017
• Руска Бајка Новвогодишен концерт /**Македонска опера и балет/ Скопје,** Македонија 01.01.2017
• Евгениј Онегин, Евгениј Онегин /**Македонска опера и балет/ Скопје,** Македонија, декември 2016
• Resident Artist’s friendship Concert IMVAJ, 2016 **Тел Авив, Израел** 30.07.2016
• Vive la France! Бисери на фрацуската опера /**Македонска опера и балет/ Скопје**, 28.10.2016
• „ЗА ДАМАТА...“ Гала вечер со кавалерите на МОБ! /**Македонска опера и балет/ Скопје** 08.03.2016
• Риголето, Риголето /**Македонска опера и балет/ Скопје**, Македонија, февруари 2016
• **„На Македонија со љубов“ 30 години на оперската сцена** /Македонска опера/ Скопје, 24.12.2015
• Симон Боканегра, Симон Боканегра /**Македонска опера и балет/ Скопје**, Македонија, мај 2015
• Макбет, Макбет /**Македонска опера и балет/ Скопје**, Македонија, 9 мај 2015
• Шарплес, Мадама Батерфлај /**Македонска опера и балет/ Скопје**, Македонија, октомври 2014
• Амоназро, Аида /**Opernfestspiele St. Margarethen/ Австрија** 12 претстави јули, август 2014
• Симон Боканегра, Симон Боканегра /**Македонска опера и балет/ Скопје**, Македонија, мај 2014
• Скарпија, Тоска /**Народно Позориште/ Белград**, Србија април 2014
• Енрико Ештон, Лучија ди Ламермур /**Македонска опера и балет/ Скопје,** Македонија 11.03. 2014
• Концерт во чест на 90 роденден на Бисерка Цвејиќ /Белградска опера/ **Белград** 09.12.2013
• Гала Концерт “Ова е Вагнер“/**Македонска опера и балет/ Скопје,** Македонија 05.10.2013
• Вечер на Борис Трајанов со неговите студенти /Штипско културно лето/ Безистен Штип, 05.07.2013
• Макбет, Макбет /**Хрватско Народно Казалиште/Сплит,Хрватска** март 2013
• Ецио, Атила /**Македонска опера и балет/ Скопје,** Македонија премиера 01.03.2013
• Гала Концерт "Вива Верди" /**Македонска опера и балет/ Скопје,** Македонија 12 и 13.01.2013
• Н. Ш. Зрински, Никола Шубиќ Зрински /**Хрватско Народно Казалиште/Сплит,** ноември 2012
• Енрико Ештон, Лучија ди Ламермур /**Македонска опера и балет/ Скопје**, Македонија окт. 2012
• Жермон, Травијата /**Македонска опера и балет/ Скопје**, Македонија, мај, јуни 2012
• Концерт во концертната сала на центарот **"Роналд Реган" Вашингтон, САД** 15.11.2011

• Гала Концерт "Вива Верди" /**Македонска опера и балет/ Скопје,** Македонија 12 и 13.01.2012
• Скарпија, Тоска /**Македонска опера и балет/ Скопје,** Македонија мај 2011
• Баритонски сцени од Набуко и Риголето по повод **25-годишен јубилеј на Борис Трајанов** од неговото оперско деби /**Македонска опера и балет/ Скопје** 16.02.2011 г.
• Енрико Ештон, Лучија ди Ламермур /**Театар Брегенц/ Австрија** јануари, февруари 2010
• УНЕСКО гала концерт за мир: во театарот **"Ла Фениче" Венеција, Италија** со Клаудија Кардинале, Џанлука Теранова со Бриселскиот камерен оркестар, април 2009
• **Концертна турнеја во 19 градови во Македонија** со предавања за оперската уметност, март-мај 2009
• Скарпија, Тоска /**Дојче Опер Берлин/ Германија** 16.02.2009
• Концерт во концертната сала на Светската банка, **Вашингтон, САД** 25.11.2008
• Оперски гала концерт со **Инва Мула** и дир. Ф. Роза /Охридско лето/ Охрид, Македонија 08.08.2008
• Донер, Вагнер: Рајнско Злато /**Театро Петруцели/ Бари, Италија** јуни, јули 2008
• Концерт по повод Св. Кирил и Методи во монументален комплекс **„Сан Микеле" Рим, Италија** 24.05.08
• Скарпија, Тоска (150 години од раѓањето на Пучини) /**Театро Комунале Лучијано Павароти/ Модена, Италија** *(во Модена, **Ферара и Пјаченца**)* февруари-април 2008
• Тадео, Росини: Италијанката во Алжир-УНЕСКО Гала концерт во Ејвори Фишер Хол /Линколн центар/ **Њујорк, САД** 03.12.2007
• Тадео, Италијанката во Алжир- УНЕСКО Гала концерт во големата сала на **УНЕСКО во Париз, Франција** 26.11.2007
• Шарплес, Мадам Батерфлај /**Опера Марсеј/ Франција** октомври 2007
• Џек Ренс, Пучини: Девојка од западот /**Театро Виторио Емануеле/ Месина, Италија**, диригент **Маурицио Арена** мај, јуни 2007
• Скарпија, Тоска /**Театро Масимо/ Палермо, Италија** декември 2006, јануари 2007
• Дон Џовани, Дон Џовани /**Театар Клагенфурт/ Австрија** од септември до декември 2006 година
• Ескамиљо, Кармен /**Интернационален оперски фестивал "Барток +"**/ Мишколц, **Унгарија** 21.06.06
• Скарпија, Тоска /**Опера Монте Карло/ Монако**, март и април 2006 година
• Скарпија, Тоска /**K.O.G. „Перформинг Арт центер"/ Сеул, Јужна Кореја,** февруари, март 2006
• Скарпија, Тоска /**Театро "Виторио Емануеле" Месина/ Италија** јануари, февруари 2006
• Гала концерт по повод 60- годишнината на **УНЕСКО во Париз, Франција** 16.11.2005
• Јаго, Отело /**Театар Ахен/ Германија** од септември до ноември 2005
• Пизаро, Фиделио /**Опера Тел Авив/ Израел,** 6 претстави од 03 март до 21 април 2005
• Скарпија, Тоска /**Опера Грац/ Австрија,** 11 претстави од октомври 2004 до април 2005 година
• Концерт по повод доделување на **УНЕСКО-вата амбасадорската титула "Уметник за мир"** во големата сала на **УНЕСКО во Париз, Франција** на 24.02.2005
• Пизаро Фиделио /**Римска опера/ Рим, Италија** септември, октомври 2004
• Ескамиљо, Кармен /**Државна Опера Хамбург/ Германија** август, септември 2004
• Скарпија, Тоска /**Опера Франкфурт/ Германија** јули 2004
• Јаго, Отело /**Опера Грац / Австрија** на 29 февруари и 18 април 2004
• Жерар, Андреа Шение /**Театро Комунале Болоња/ Италија со Даниела Деси и Ренато Палумбо** *(Болоња, **Театро Комунале Ферара**)*, февруари, март 2004
• Жерар, Андреа Шение /**Театро Верди Сасари/ Италија,** во ноември и декември 2003
• Ецио, Атила /**Фестшпиле Лудвигсбург/ Лудвигсбург,** Германија 21 септември 2003
• Ескамиљо, Кармен /**Римска опера (Терме ди Каракала Рим)/ Рим, Италија со Мишел Пласон** јули и август 2003 година
• Ескамиљо, Кармен /**OpernAir/ Гарс, Австрија** јули, август 2003 година
• Гроф Луна, Трубадур /**Опера Пацифик/ Калифорнија, САД** април, мај, 2003
• Ескамиљо, Кармен /**Театро Верди Салерно/ Италија** со дир. Јорам Дејвид март, април 2003
• Скарпија, Тоска /**Театро Џиљо Лука**- родниот град на Пучини/ *турнеја во оперските куќи:* ***Лука,Бергамо,Пиза, Равена, Новара и Ливорно;*** **Италија,** окт. - декември 2002.
• Набуко, Набуко /**Театар Сент Гален/ Швајцарија**, октомври 2002
• Скарпија, Тоска /**Кремљ Москва, Русија/** гостување на **римската опера во Москва** септември 2002

• Де Сирје, Федора /**Театро Доницети/ Бергамо, Итали**ја со **Никола Мартинучи** Септември 2002
• Жерар, Андреа Шение /**Театро Верди Трст/ Италија** од 02 април 2002 до 03 Мај 2002
• Јаго, Отело /**Државна опера Хамбург/ Германија** со **Ландо Бартолини,** февруари 2002
• Скарпија, Тоска /**Театро Реџо Парма/ Италија** од 29 Јануари до 23. Февруари 2002; 4 претстави со простувањето на легендарната **Рајна Кабајванска** од улогата Тоска
• Скарпија, Тоска /**Театар Клагенфурт/ Австрија** од ноември 2001 до јануари 2002 година
• Риголето, Риголето /**концертна сала Луксор/ Ротердам, Холандија** со симфонискиот оркестар Ротердам септември 2001
• Набуко Набуко (OpenAir) /**Мекленбуршки Државен Театар/ Шверин, Германија,** јуни, јули 2001
• Саул, Крал Давид /**Театро Масимо/ Палермо, Италија,** со **Фабрицио Карминати и Кристијан Јохансон,** јуни 2001
• Линдорф, Копелиус, Дапертуто и Миракл во Хофманови Приказни /**Театро Верди/ Трст, Италија** со **Даниел Орен**, С. Бонфардели и Р. Ароника; мај, јуни 2001
• Монфорте, Сицилијански Вечери /**Државен Театар Дармштат/ Германија** март, април и јуни 2001
• Скарпија, Тоска /**Театро Масимо/ Палермо, Италија** со дир. **Маурицио Арена** февруари 2001
• Ескамиљо, Кармен /**Фолкс Опер/ Виена, Австрија** јануари 2001
• Ezio, Атила /**Театар Бремерхавен/ Германија**- свечено отворање на реконструираниот театар-декември 2000 и јануари 2001
• Амоназро, Аида (OpenAir) /**Оперски фестивал Хајденхајм/ Германија,** јули, август 2000
• Јаго, Отело /**Мекленбуршки Државен Театар/ Шверин, Германија**, од мај 2000 до декември 2000
• Ескамиљо, Кармен /**Фолкс Опер/ Виена, Австрија** јуни 2000 година
• Скарпија, Тоска /**Театар Брегенц/ Австрија,** од јануари до крајот на февруари 2000 година
• Никола, Истријанска Свадба /**Театро Верди/ Трст, Италија,** декември 1999
• Макбет, Макбет /**Опера Зуид Мастрихт/ турнеја низ 10 градови во Холандија** април до јули 1999
• Набуко Набуко /**Театер Кил/ Германија** од декември 1998 до јули 1999
• Јаго, Отело /**Државен Театар Сарбрикен/** Германија, декември 1998
• Ескамиљо, Кармен /**Театро Муниципал/ Сао Паоло, Бразил** со **Алберто Купидо** ноември 1998
• Риголето Риголето /**Опера „Нико Малан"/ Кејп Таун, Јужна Африка**, септември, октомври 1998
• Јаго, Отело (OpenAir) /**Оперски фестивал Хајденхајм / Германија**, јули, август 1998
• Енрико Ештон, Лучија ди Ламермур (OpenAir) /**Театар Кобленц/ Германија**, јули 1998
• Ескамиљо, Кармен /**Хрватско Народно Казалиште/ Загреб, Хрватска**- јубилеј на мецосопранот Ружа Поспиш Балдани со **Луис Лима** и Никша बареза на 27.05.1998
• Јелетски, Пикова Дама /**Шкотска Опера/ Глазгов и Единбург; Велика Британија,** мај 1998
• Риголето Риголето /**Дојче Опер ам Рајн/ Дизелдорф, Германија** во март 1998 година
• Ренато, Бал под маски /**Норвешка опера/ Осло, Норвешка;** во јануари и февруари 1998
• Ренато, Бал под маски /**Театар Нирнберг / Нирнберг, Германија** ноември 1997
• Енрико Ештон, Лучија ди Ламермур /**Државен театар Карлсруе / Германија;** ноември, дек. 1997
• Риголето Риголето /**Шкотска Опера/ Глазгов, Единбург и Братфорд;** Велика Британија септември до ноември 1997
• Шарплес, Мадам Батерфлај /**Опера Келн/ Германија** од мај до јуни 1997 година
• Антонио, Линда ди Шамони (концертно) /**Опера Келн/ Германија** 28.04.1997
• Мерлин, Крал Артур /**Опера Келн/ Германија** од март до јуни 1997 година
• Енрико Ештон, Лучија ди Ламермур /**Државен Театар Карлсруе/ Германија;** од дек. 1996 до февр. 1997
• Родриго, Дон Карло /**Државен театар Карлсруе/ Германија,** ноември 1997
• Енрико Ештон, Лучија ди Ламермур /**Национален Театар/ Манхајм/ Германија** февр., март 1997
• Риголето, Риголето /**Дојче Опер ам Рајн/ Дизелдорф, Германија** во октомври 1996 година
• Набуко, Набуко (деби) /**Театар Бремерхавен/ Германија** од септември '96 до април '97

**• Од септ. 1991 до септ. 1996 , Б.Т. е првенец во Државниот театар Карлсруе каде настапува во 158 претстави.**

• Риголето, Риголето /**Театар Базел/ Базел, Швајцарија** јуни 1996
• Сесил, Марија Стјуард /**Државен театар Карлсруе/ Германија** април, јуни 1996

• Ескамиљо, Кармен /**Државен Театар Сарбрикен/ Сарбрикен, Германија** 28.04.1996 и 22.05.1996
• Шарплес, Мадам Батерфлај /**Државен Театар Визбаден/** Визбаден, Германија март 1996
• Јелетски, Пикова дама **/Опера Бон/ Германија** од февруари до април1996
• Дон Карло, Моќ на судбината /**Опера Форум/** Бреда, Холандија со дир. **Никша Бареза** 16.12.95
• Жермон, Травијата /**Државен театар Визбаден/ Германија;** декември 1995, јануари, март 1996
• Родриго ди Поза, Дон Карло /**Државен театар Карлсруе/ Германија** од октомври 1995 до јуни 1996
• Ескамиљо, Кармен /**OpenAir Ојтин/ Германија** со **хамбуршката филхармонија**; јули, август 1995
• Отокар, Чаробниот стрелец **/Maggio Musicale Fiorentino,Театро Комунале Фиренца/ Италија** со диригентот **Волфганг Савалиш**; мај 1995
• Дон Карло, Моќ на судбината (концертно) /**Розетум, Милано/ Италија**, 20.05.95
• Риголето, Риголето /**Македонски Народен Театар/ Скопје, Македонија** 16.05.1995
• Шарплес, Мадам Батерфлај /**Државен театар Карлсруе/ Германија** март, април 1995
• Сесил, Марија Стјуард /**Државен театар Карлсруе/ Германија** со **Катја Ричарели**, февруари 1995
• Жермон, Травијата /**Државен театар Карлсруе/ Германија** од декември 1994 до април 1995
• Сесил, Марија Стјуард /**Државен театар Карлсруе/ Германија** од декември 1994 до април 1995
• Дон Карло, Моќ на судбината /**Државен театар Карлсруе/ Германија** од октомври до декември 1994
• Риголето, Риголето (деби) /**Театар Бремерхавен/ Германија** од септември 1994 до февруари 1995
• Ескамиљо, Кармен /**Македонски Народен Театар/ Скопје, Македонија** 25.05.1994
• Жермон, Травијата /**Државен театар Карлсруе/ Германија,** март, април и јуни 1994
• Енрико Ештон, Лучија ди Ламермур (концертна изведба) / **Театар Солинген** / Германија 18.03.1994
• Дон Карло, Моќ на судбината /**Државен театар Карлсруе/ Германија**, од февруари до мај 1994
• Донер, Рајнголд /**Државен театар Карлсруе/ Германија,** ноември, декември 1993
• Пјетро, Немата од Портичи (Auber: Le Muette de Portici) /**Државен театар Карлсруе/ Германија,** од јуни 1993 до јануари 1994
• Гроф Луна, Трубадур /**Луксембуршки Театар/ Луксембург**, мај 1993
• Алфио, Кавалерија Рустикана /**Државен театар Карлсруе/ Германија,** мај, јуни и окт. до декември 1993
• Родриго, Дон Карло /**Љубљанска опера- гала продукција/ Цанкарјев Дом Љубљана, Словенија** јан. 1993
• Енрико Ештон, Лучија ди Ламермур /**Државен театар Карлсруе/ Германија,** декември 1992, јануари 1993
• Гроф Луна,Трубадур /**Државен театар Карлсруе/ Германија,** од декември 1992 до мај 1993
• Морбио, Р. Штраус: Молчаливата жена (Die Schweigsame Frau) /**Државен театар Карлсруе/ Германија,** мај, јуни 1992
• Никола Шубиќ Зрински, Никола Шубиќ Зрински /**Народно Казалиште Ријека/** гостување во **ХНК Загреб, Хрватска** 06.05.1992
• Наполеон, Прокофјев: Војна и мир /**Државен театар Карлсруе/ Германија,** март, април 1992
• Гајстерботе, Р. Штраус: Жена без сенка (Die Frau ohne Schatten) /**Државен театар Карлсруе/ Германија,** фебруари 1992
• Гроф Луна, Трубадур /**Театар Нирнберг / Нирнберг, Германија** октомври 1991
• Жермон, Травијата /**Државен театар Карлсруе/ Германија**, од октомври 1991 до јануари 1992

**• Од февруари 1986 до септември 1991, настапува во 98 оперски претстави во некогашна Југославија од кои 37 во Македонија.**

• Никола Шубиќ Зрински, Н. Шубиќ Зрински /**Хрватско Народно Казалиште/ Сплит, Југославија,** јули 1991
• Жермон, Травијата /**Македонски Народен Театар/ Скопје, Југославија** мај 1991
• Никола Шубиќ Зрински, Никола Шубиќ Зрински /**Народно Казалиште / Ријека, Југославија** мај, јуни 1991
• Гулиелмо, Така прават сите (Cosi fan tutte) /**Љубљанска опера СНГ/ Љубљана, Југославија** април, мај 1991
• Жермон, Травијата /**Словенско Народно Гледалишче/ Марибор, Југославија** март 1991

• Хомонај, Циганскиот барон /**Македонски Народен Театар/ Скопје, Југославија** февруари 1991
• Ескамиљо, Кармен /**Народно Позориште/ Белград, Југославија** декември 1990, јан., март, мај, јуни 1991
• Ескамиљо, Кармен /**Македонски Народен Театар/ Скопје, Југославија** дек. 1990, февруари, март 1991
• Гроф Луна, Трубадур /**Народно Позориште/ Белград, Југославија** декември 1990, март 1991
• Гроф Луна, Трубадур /**Хрватско Народно Казалиште/ Загреб, Југославија** ноември 1990
• Гроф Луна, Трубадур /**Народно Казалиште/ Ријека, Југославија** октомври, ноември 1990, јуни 1991
• Енрико Ештон, Лучија ди Ламермур /**Љубљанска опера СНГ/ Љубљана, Југославија** септ. 1990-март 1991
• Енрико Ештон, Лучија ди Ламермур /**Народно Позориште/ Белград, Југославија** јуни 1990, јуни 1991
• Ренато, Бал под маски /**Народно Позориште/ Белград, Југославија** јуни 1990, јануари 1991
• Ескамиљо, Кармен /**Народно Позориште/ Сарајево, Југославија** јуни 1990
• Ескамиљо, Кармен /**Народно Позориште/ Белград, Југославија** март 1990
• Родриго ди Поза, Дон Карло /**Српско Народно Позориште/ Нови Сад, Југославија** јануари, април 1990
• Гроф Луна, Трубадур /**Народно Позориште/ Белград, Југославија** јануари, април 1990
• Ренато, Бал под маски /**Народно Казалиште/ Ријека, Југославија** август 1989
• Гроф Луна, Трубадур /**Народно Позориште/ Сарајево, Југославија** мај 1989
• Жермон, Травијата /**Македонски Народен Театар/ Скопје, Југославија** мај 1989
• Жермон, Травијата /**Опера Бургас/ Бургас, Бугарија** април 1989
• Хомонај, Циганскиот барон /**Македонски Народен Театар/ Скопје, Југославија** февруари, март 1989
• Гроф Луна, Трубадур /**Народно Позориште/ Белград, Југославија** февруари, април 1989
• Жермон, Травијата /**Народно Позориште/ Белград, Југославија** ноември, јануари 1988
• Белкоре, Љубовен Напиток /**Српско Народно Позориште/ Нови Сад, Југославија** април-јуни 1988
• Жермон, Травијата /**Хрватско Народно Казалиште/ Загреб, Југославија** април 1988
• Жермон, Травијата /**Македонски Народен Театар/ Скопје, Југославија** април-јуни 1988
• Енрико Ештон, Лучија ди Ламермур /**Македонски Народен Театар/ Скопје, Југославија** јануари-мај 1988
• Хомонај, Циганскиот барон /**Македонски Народен Театар/ Скопје, Југославија** октомври 1987-март 1988
• Силвио, Паљачи /**Македонски Народен Театар/ Скопје, Југославија** мај 1987
• Жермон, Травијата /**Македонски Народен Театар/ Скопје, Југославија** јуни 1986
• Енрико Ештон, Лучија ди Ламермур /**Македонски Народен Театар/ Скопје, Југославија** мај 1986
• Хомонај, Циганскиот барон /**Македонски Народен Театар/ Скопје, Југославија** февруари- април 1986

# Поважни концерти

Реализирани се околу **200 концерти** меѓу кои **20** гала концерти со Македонската опера и **14** концерти со Македонската филхармонија:
• **УНЕСКО** Гала концерти:

-Рецитал во Големата сала на УНЕСКО во **Париз** (24.02.2005) по повод негово прогласување за „Уметник за мир“ на УНЕСКО - Гала концерт по повод 60 годишниот јубилеј на УНЕСКО во **Париз** (16.11.2005)
-“Rossini but not only…” во салата на УНЕСКО во **Париз** (26.11.2007)
-“Rossini but not only…” во Avery Fisher Hall Lincoln Center **New York** (03.12.2007)
-"Концерт за мир" во **Театро Фениче во Венеција, Италија** (20.04.2009)

• **Охридско Лето** 1988, 2001, 2006, 2008 г.
• Гала концерт **„Viva Verdi“** со Македонската филхармонија и **Џуџин Кон** во Скопје (1996)
• На 27 април 2006 г., тој го одбележа **20- годишниот јубилеј** од дебито на оперската сцена со концертот **„Борис Трајанов со пријателите“** придружуван од Македонската филхармонија со диригентот **Фабрицио Карминати**.
• **„На Македонија со љубов“** Концерт со Македонски народни песни со ансамблот на МОБ по повод **30- годишниот јубилеј** од дебито на оперската сцена (25.12.2015)

• **Преставување на некогашна СФРЈ и следствено на Република Македонија:**

-Свечен концерт во Палатата на Федерацијата на СФРЈ во чест на **Михаил Горбачов (СССР)** со Радмила Бакочевиќ, Стефан Миленковиќ и „Колегиум Музикум“ (15.03.1988)
-Гала концерт во белградска опера во чест на **Самитот на неврзаните во Белград** (08.09.1989)
-Концерт во чест на **отворањето на Македонската Амбасада во Берлин** (01.06.1997)
-**Денови на Св. Кирил и Методи во Рим** во 2003, 2008 година.
-Концерт во чест на претседателот на Европската Комисија **Романо Проди** (Собрание на Република Македонија 20.02.2003)
-Концерт по повод самитот на УНЕСКО **„Дијалог на Цивилизациите“** (Света Софија Охрид , август 2003).
-Концерт по повод **беатификацијата на Мајка Тереза во Рим**, Италија (19.10.2003)
-Концерт **„100 Години од Илинден“** во Крушево на 02.08.2003
-Концерти во **Вашингтон** 2008 и 2011 (организирани од Македонската Амбасада и Мин. за Култура на РМ)

• **Турнеја низ 19 градови на Македонија**- 19 концерти со исто толку едукативни часови за оперската уметност во 2009 година.
• Концерт за дипломатскиот кор во **Тел Авив, Израел** (јули 2016)